Ве известуваме дека Силекс Банка АД Скопје објави 12-та емисија на долгорочни хартии од вредност согласно добиено Решение од Комисијата за хартии од вредност број 07-187/4 од 06.02.2006 година.
Јавниот повик за запишување и купување на долгорочни хартии од вредност беше објавен во весникот Вечер од 06.03.2006 година.

**Податоци за емисијата**

*Број на хартии од вредност што се издаваат, вид и номинална вредност*
Силекс банка АД Скопје донесе Одлука за зголемување на основната главнина на друштвото со издавање дванаесетата емисија на **34.515 обични акции**, кои гласат на име со номиналната вредност на една акција **43,46 ЕУР**.
*Обем на емисијата*
Емисијата е во вкупен износ од **ЕУР 1.500.022,00** односно **91.941.598,00** денари (сметано по среден курс на НБРМ од 28.06.2005 година согласно член 273 од Законот за трговски друштва),
*Намена на средствата*
Намената на средствата е заради зголемување на основачкиот капитал на Банката, зголемување на кредитниот потенцијал на Банката, подобрување на ефикасноста во работењето на Банката, емисијата не е наменета за познати купувачи.
*Права што ги носи хартијата од вредност*
Имателите на обични акции имаат право на глас и тоа една обична акција обезбедува право на еден глас во Собранието на акционери на Банката и право на дивиденда по донесување на Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка донесена од Собранието, сразмерно со процентот на учество на секој акционер во акционерскиот капитал кој им припаѓа на сопствениците на обични акции.

Постапката за запишување и купување на хартијата од вредност ќе започне во рок од 30 дена од денот на добивање на Решението од Комисијата за хартии од Вредност, а ќе трае 6 месеци од денот на добивање Решение од Комисијата за хартии од вредност
Продажни места за купување на хартии од вредност се деловниците во Скопје со следните адреси: Градски Зид, блок 9, локал 5 и ул. Васил Главинов 28/2.
Хартиите од вредност се нудат по номинална вредност од 43,46 ЕУР за една акција, а уплатата ќе се врши во денарска противвредност по среден курс на НБРМ од 28.06.2005 година.
Начин на плаќање – на жиро сметката на Банката – 320-0000000001-03 депонент на НБРМ,
Дивидендата се исплаќа во рок од 30 дена по усвојување на Годишна сметка, односно по донесување на Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка донесена од Собранието на Банката.
Висината на дивидендата зависи од остварените резултати од работењето на Банката и Одлуката на Управниот Одбор за употреба и распоредување на остварената добивка, потврдена од Собранието на Банката.
Дивидендата на обични акции се дели на акционерите на Банката – сопственици на обични акции, сразмерно на процентот на учеството на секој

акционер во акционерскиот капитал кој им припаѓа на сопствениците на обични акции.
Имателите на обични акции имаат право на дивиденда за секоја акција што ја имаат, сразмерно на номиналната вредност на акциите.
Акционерите кои ги поседуваат акциите по оваа Одлука имаат право на еднаквост со акционерите кои поседуваат акции од ист вид.
Постапката за запишување на хартии од вредност ќе се одвива согласно Правилникот за постапката за запишување на хартии од вредност (Сл.Весник на РМ број 46/2002), односно:

1. Запишувањето на акциите ќе се врши во просториите на Силекс Банка АД Скопје, во согласност со Законот за хартии од вредност и Правилникот за постапката за запишување на хартии од вредност (Сл.Весник на РМ број 46/2002),
2. Силекс Банка АД Скопје ќе обезбеди доволен број примероци од јавниот повик на местата за запишување на хартии од вредност наведени во јавниот повик за сите заинтересирани лица,
3. Силекс Банка АД Скопје ќе обезбеди примероци од Статутот и актот за основање на местата за запишување на акциите наведени во јавниот повик, како и понови финансиски извештаи од оние објавени во јавниот повик, доколку се изготвени во меѓувреме,
4. На лицето кое запишува хартии од вредност, односно на неговиот полномошник, ќе му биде дадено да пополни и потпише Писмена Изјава (Уписница) во два примерока од кои еден примерок задржува Банката, а еден примерок е за лицето кое запишува хартии од вредност,
5. По завршување на рокот на запишување, по барање на лице кое запишало хартии од вредност, Банката ќе му стави на увид Список на лицата кои запишале Хартии од вредност,
6. доколку бидат запишани и платени повеќе акции од предвидените, Банката на лицата кои последни извршиле уплата ќе им ги врати средствата со камата по видување за периодот од денот на уплата до денот на враќање на средствата,
7. До истекот на рокот за запишување и купување на хартиите од вредност Банката, на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност ќе им издаде привремени потврди кои немаат својство на хартии од вредност, и истите ќе ги евидентира на посебна сметка во Централниот депозитар за харии од вредност. Привремените потврди не претставуваат хартии од вредност и не носат никакви права. По завршувањето на емисијата хартиите од вредност се запишуваат во книгата за хартии од вредност на друштвото која се води во Централниот Депозитар за хартии од вредност. Правата и обврските од хартиите од вредност настануваат од моментот на нивното запишување во Централниот Депозитар за хартии од вредност.

Хартијата од вредност се пренесува согласно со Закон
Местото на кое може да се изврши увид во сите наводи за веродостојноста на податоците за издавачот на хартии од вредност е во просториите на Силекс Банка – ул.Васил Главинов 28/2 Скопје.
Акционерите на Банката имаат право на првенствено купување на новоиздадените акции сразмерно со нивното учество во акционерскиот

капитал на Банката во рок од 15 дена од денот на објавување на јавниот повик за дванаесетта емисија на акции.